Тања МИЛОШЕВСКА

УДК: 343.344:355.45(100)

# НЕЗАКОНСКАТА ТРГОВИЈА СО ОРУЖЈЕ И МУНИЦИЈА КАКО ПОТЕНЦИЈАЛЕН БЕЗБЕДНОСЕН ПРОБЛЕМ

***Кратка содржина***

*Незаконското производство, преносот и ширењето на мало и лесно оружје и нивното прекумерно насобирање и неконтролираното ширење во многу региони во светот, има широк ранг на хуманитарни и социоекономски последици и претставува сериозна закана за мирот, помирувањето, безбедноста, стабилноста и одржливиот развој на индивидуално, национално, регионално и меѓународно ниво.*

*Овој труд ги проучува динамиките и трендовите на незаконската трговија со мало и лесно оружје, ја идентификува улогата на транснационалниот организиран криминал и ги разгледува мерките за контрола врз незаконскиот трансфер на оружје кои владите, безбедносните институции, и правосудните системи мора да ги преземат за да се соочат со овој глобален безбедносен проблем.*

***Клучни зборови:*** *НЕЗАКОНСКА ТРГОВИЈА СО МАЛО И ЛЕСНО ОРУЖЈЕ, БЕЗБЕДНОСТ, ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ.*

## ВОВЕД

За попрецизно расветлување на овој сегмент на транснационалниот организиран криминал ќе го презентираме и детерминирањето на поимот недозволена трговија со оружје, негови делови и компоненти и муниција елабориран во Протоколот на Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал.

Според неговите определби “недозволената трговија ќе значи увоз, извоз, набавка, продажба, испорака, пренос или трансфер на огнено оруже, негови делови и компоненти и муниција од или преку територијата на една држава–членка на територијата на друга држава членка доколку една од засегнатите држави–членки не го овластила истото во согласност со условите од овој Протокол или доколку огненото оружје не е означено во согласност со членот 8 од овој Протокол“. (Резолуција усвоена од Генералното собрание на ООН, 2001 год).

Незаконската трговија со оружје и муниција постанува реална закана за националната безбедност и мирот во определени држави и региони. Црниот пазар на оружје го карактеризираат три основни белези: нелегалност, таен карактер на зделките и перење на парите со „мирис на барут“.

Предмет на овие бизнис зделки претставуваат конвенционалните и нековенционалните оружја и технологии кои манифестираат силно влијание врз сите видови на воени конфликти и тероризмот, првенствено во актуелните конфликтни зони, но и пошироко на глобален план. Шверцот со оружје и муниција во овој контекст можеме да го разгледуваме и како силен акцелатор (дури и пресуден) за поттикнување на насилство од страна на разни екстремистички и терористички групи и бунтовнички движења.

## Незаконската трговија со оружје и муниција како потенцијален безбедносен проблем

Денес, определени организации на транснационалниот организиран криминал почнуваат илегално да произведуваат некои типови на лесно рачно оружје кое веднаш го пласираат на црниот пазар. Оружјето лесно го набавуваат и од фирмите за производство на оружје на слабите и корумпирани држави кои не се во состојба да обезбедат соодветна контрола. Исто така, порозните меѓународни граници, непрофесионализмот на структурите на интегрираното гранично обезбедување ги отвораат „портите“ за влез или непречен трансфер на оружјето во сите региони на светот, посебно во кризните региони и пост–конфликтните држави во кои покрај „комунистичкото“ оружје сѐ поприсутно е и оружјето произведено и во некои земји членки на НАТО. (М. Котовчевски, 2008).

Поврзаноста помеѓу тероризмот и организираниот криминал е овозможена преку широко распространетата расположливост на мало и лесно оружје кои можат да бидат криумчарени за пари или употребени во операции. Оружјето го набавуваат со купување од непријателски земји и нивни разузнавачки служби, односно купување на илегалниот пазар, потоа со кражби од складишта со оружје, и со изработка во тајни фабрики. Бидејќи производството на оружје во светот ги надминува потребите за редовно вооружување на армиите, остануваат огромни количества кои се шверцуваат на илегалниот пазар. Како носители на криумчарењето се јавуваат поединци, компании па и одредени држави, односно постојат три

паралелни пазари за продажба на оружје: бело–што се врши директно преку владите; сиво–преку приватни компании, но под надзор на владата; и црно–преку самостојни трговци и поединци. Во опасните лавиринти на купопродажбата посебна улога имаат поединците, а денес најпознати и најголеми препродавачи се лицата од Блискиот Исток.

Сложените меѓународни односи и кризните жаришта во светот создаваат доволен простор за илегална трговија со оружје.

После падот на Берлинскиот Ѕид во 1989 година, земјите од Варшавскиот Пакт останаа добро снабдени со оружје, од кое еден дел го пронајде својот пат преку илегалниот пазар за оружје. Конфликтите во Источен Тимор, Западна Африка, Централна, Јужна, Југо–Западна Азија и поранешна Југославија само ја зајакнаа трговијата со оружје. Порозните меѓународни граници и корумпираните или погрешно тренираните сили на законот исто така одиграа улога во овозможување на трговијата со оружје, како предност на терористичките и организираните криминални групи.

Кога ќе заврши незаконската трговија со оружје, парите кои се добиени при продажбата поминуваат низ процесот „перење на пари". Оружјето исто така може да се употреби како валута за размена за наркотици. Сите овие трансакции резултираат во големи профити за криминалните организации и имаат далекусежни последици. Илегалното тргувано оружје често ги поддржува постоечките етнички и политички конфликти или агендите на терористичките групи, а со тоа претставува безбедносна закана како на национално така и на меѓународно ниво. Трговијата со дрога на ФАРЦ и обезбеди софистицирано оружје, комуникациска технологија, и помогна за воспоставување на контрола на 40% од Колумбиската терориторија. (R. Langhorne, 2006: 168-169).

Развој нераскинливо поврзан со организираниот криминал кој би требало да е од особено значење за ЕУ е растот на вооружениот криминал и трговијата со мало и лесно оружје низ Европа. Трговијата со оружје, дроги и луѓе се вообичаено меѓусебно поврзани, како што криминалците ги оспособуваат веќе воспоставените канали и ја шират својата мрежа на различни нелегални стоки. Податоците собрани од страна на владата на САД и НЦИС го подржуваат ова тврдење. Националната служба за разузнавање на криминалот–НЦИС ја потврдуваат "цврстата врска помеѓу поседувањето на огнено оружје и трговијата со дрога" и мрежите кои се користат за нивно криумчарење. ("International Crime Threat Assessment", 2000).

„Иако приливот на оружје во Европската Унија не е многу голем, постои редовен помал проток на мало и лесно оружје од Балканскиот регион, како и од Источна Европа кој би можел да се зголеми со проширување на ЕУ и на Шенген просторот кон исток и југо–исток. Падот на Советскиот Сојуз, крајот на Варшавскиот Пакт и војните во поранешна Југославија резултираа со помали гранични контроли и прекумерна набавка на лесно оружје, а дел од ова оружје го најде својот пат до Европа. Малото и лесното оружје (SALW) го одржувало локалното криминално подземје како и европските терористички групи, како што е вистинската ИРА, и на тој начин придонесувало во поткопувањето на европската безбедност“. (D. Sagramoso, 2001:1-2).

SALW се истовремено средства за заштита на илегалните активности на организираните криминални групи и база на активности и извор на приходи за групите поврзани со криумчарење на нелегални стоки. Недозволеното шверцување на оружје претставува сериозна закана за безбедноста во рамките на ЕУ и надвор од неа.

Лабавите извозни контроли овозможуваат понатамошни испораки на SALW за да се достигне приближна бројка од 550 милиони парчиња мало и лесно оружје веќе пуштени во оптек. (Small Arms Survey, 2001:59). Ваквото оружје ги засилува конфликтите и насилниот криминал, се користи за кршење на човековите права и хуманитарното право и се заканува на безбедноста надвор од границите на Европа, во Латинска Америка, Африка, Азија, како и во самата Европа. (A. Musah и R. Castle, 1998).

Во една понова студија за организираниот криминал, се истакнува дека зголемената незаконска трговија со дрога, луѓе и со друга шверцувана стока е паралелна на и „тесно поврзана“ со незаконската трговија со оружје. (I. Davis, K. Hirst i B. Mariani, 2001: 5).

Постои зголемен број на случаи кои се доказ дека многу од недозволеното поседувано и тргувано оружје во некоја етапа било извезено или потекнува од земјите на ЕУ и од земјите на Централна и Источна Европа. (Извештај на Saferworld, 2001: 2). Значајни количини на оружје, особено малото и лесно оружје поминуваат нелегално низ нејзините територии или пак се тргуваат од страна на „трети лица“ во региони на конфликти и зони каде се загрозени човековите права. (B. Wood, E. Clegg, 1999: 2-3).

Распадот на државните структури “резултира со ослабнување на државната контрола над производството на оружје и системот на увоз/

извоз. Во овој моќен вакуум, се јавуваат недржавни учесници, вклучувајќ и и трговци, криминални групи и приватизирани фабрики. Ваквите учесници понатаму ја ограничуваат државната способност за контрола на трансферот на оружје". (A. Musah и R. Castle, 1998).

Незаконското производство, преносот и ширењето на мало и лесно оружје и нивното прекумерно насобирање и неконтролираното ширење во многу региони во светот, има широк ранг на хуманитарни и социоекономски последици и претставува сериозна закана за мирот, помирувањето, безбедноста, стабилноста и одржливиот развој на индивидуално, национално, регионално и меѓународно ниво.

Незаконската трговија на мало и лесно оружје во сите аспекти ги поддржува конфликтите, го поттикнува насилството, придонесува за внатрешно раселени лица, ја поткопува почитта за меѓународното хуманитарно право, ја спречува хуманитарната помош на жртвите од вооружените конфликти и го поттикнува организираниот криминал и тероризмот. Блиската поврзаност на тероризмот, организираниот криминал, трговијата со дрога и скапоцени минерали како и незаконската трговија со мало и лесно оружје, ја потенцира итноста за меѓународни напори и соработка со цел за спречување на оваа трговија истовремено од перспектива на понуда и побарувачка. (UN Document A/CONF.192/15).

Неопходноста за меѓународна соработка и помош, вклучувајќи финансиска и техничка помош за поддршка и олеснување на напорите на локално, национално, регионално и глобално ниво може да се препознае преку воспоставување стандарди и процедури кои ги зајакнуваат напорите за превенција, борба и искоренување на незаконската трговија на мало и лесно оружје. Врз основа на определбите презентирани во Протоколот како дополнение на Конвенцијата на Организацијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал, „недозволеното производство" ќе значи производство или склопување на огнено оружје, негови делови и компоненти или муниција:

I) Делови и компоненти кои се предмет на недозволена трговија;

II) Без дозвола и овластување од надлежната власт на државата–членка каде што се одвива производството или склопувањето или

III) Без ознаки на огнено оружје при производството во согласност со членот 8 од овој Протокол. (Резолуција усвоена од Генералното собрание на ООН, 2001 год).

Атмосферата креирана со порастот на организираниот криминал, економската нестабилност, граѓанските конфликти ја ослабнуваат контролата врз оружјето уште повеќе и обезбедуваат плодно тло за раст на производството и трговијата со недозволено оружје, како и распространување на оружјето внатре во државата и надвор од нејзините граници.

Постојат многу јасни врски помеѓу организираниот криминал и недозволената трговија со оружје. Организираните криминални групи постапуваат во согласност со пазарните правила на потрошувачка и побарувачка кои што ја регулираат заработувачката и во областите во кои што SALW се недозволени или забранети а најверојатно ќе станат конфликтни области и со тоа ќе претставуваат прва опција за развој на бизнис на организираните криминални групи. Владата на САД проценува дека воена опрема вредна неколку стотини милиони американски долари се продава секоја година на земји кои се под ембарго на ООН, а ембаргото за криминалните групи претставува профитабилен црн пазар. (“International Crime Threat Assessment“, 2000).

Криминалните организации кои се формирани за време на конфликти често остануваат активни и по стивнувањето на борбите и се клучен катализатор во трансферот на SALW од постконфликтните области до нови дестинации. Впрочем, во услови на слабо владеење на правото, насилство и рестрикции на законската трговија кои што го придружуваат конфликтот се толку многу профитабилни за организираниот криминал што се верува дека во некои случаи криминалците го поттикнуваат настанокот на конфликтот или го продолжуваат конфликтот за да го обезбедат својот успех во бизнисот.

Коментарот се совпаѓа со оној на Saferworld (Безбеден свет), група за надзор на мало оружје, која во една неодамнешна студија укажа на тоа дека „очигледната врска меѓу организираниот криминал и незаконската трговија со оружје може да се прошири и на конфликтните ситуации, каде што криминогените групи неизбежно се активни и ги снабдуваат учесниците со шверцувана воена опрема и муниција“. (I. Davis, K, Hirst i B. Mariani, 2001: 5).

Всушност, не е невобичаено парамилитарните сили и герилците да го поттикнат регионалниот конфликт, да ја зголемат побарувачката за оружје а со тоа да го зголемат нивниот економски просперитет преку трговија или шверц на оружје на други борци–понекогаш и на нивните непријатели. Ова се оствари во Африка, на Балканот, Латинска Америка и Азија. Поголем дел од оружјето доаѓа од поранешните Советски држави

и Источна Европа. Незаконската трговија со оружје води кој тајно партнерство помеѓу воените сили и мафијашките групи во тие региони. (L. Shelley, C. Corpora and J. Picarelli, 2002: 148-149).

Зачестените воени конфликти, реактивирањето на старите и активирањето на нови воени жаришта, барања за енормно вооружување на голем број држави, герилските движења, глобалните терористички мрежи, меѓународните судири на голем број криминални и други групации врз основа на различни барања, ослабнатата или загрозена безбедност на определени држави или региони, нестабилната индивидуална безбедност и нарушена доверба во надлежните државни органи, постојаниот страв од сè поагресивното и подрско загрозување на личната и имотната сигурност, претставува само еден значителен дел од „топ–листата" на значајни варијабли за анализа на овој феномен. Овие фактори се неоходни за непречено продуцирање на значајни предуслови, односно погодно тло и неопходни околности за развој и брзо интензивирање на нелегалната, како и на легалната трговија со оружје и муниција насекаде во светот.

Разорните ефекти од овој „бизнис" се мултиплицираат со паралелното дејствување на серија „нови" криминогени фактори кои се продукт на распадот на земјите на реалсоцијализмот, создавање на нови слаби држави, недоволна контрола на огромните количества наследено оружје, опрема и муниција, долготрајната економска и политичка криза на значителен број држави во транзиција, и големиот налет на корупцијата и коруптивно однесување во овие држави, новоформираните структури на организираниот криминал и серија на нови „транзициско–криминални" придобивки.

Новите криминогени фактори со претходно презентираната група на фактори ја сочинуваат целината–основата на етиолошките детерминанти неизбежно поврзани со криумчарењето и незаконската трговија со оружје и муниција која обично е контролирана од структурите на организираниот криминал. Во последните години, сè позабележително е меѓусебното поврзување на активностите на незаконската трговија со оружје и незаконската трговија со опојни дроги и психотропни супстанции. (М. Котовчевски, 2008).

Како што се намалуваат безбедносните закани, други невоени закани стануваат актуелни, и не ја напаѓаат територијата на една држава туку „нејзината структура, природата на самото општество, функционирањето на нејзините институции и добросостојбата на нејзините граѓани". (C. Donnelly, 2000).

Трговијата со лесно оружје, овозможена преку достапноста на значаен вишок на резерви со оружје и активностите на корумпираните функционери и криминални групи постана „глобална закана за суверенитетот на државите на макро и микро ниво". (P. Lock, 1999: 4).

Трговијата со оружје го засилува конфликтот, но исто така има негативно влијание и во ситуации каде што нема конфликти. Обезбедувањето на поголема моќ со која криминалните групи си ги заштитуваат недозволените активности со помош на оружје, се рефлектира на оддалечувањето на безбедноста од контролата на државниот апарат. Започнувањето со тековниот тренд на приватизација на безбедноста, резултира во култура со сеприсутно оружје каде што и индивидуите се вооружуваат себеси за да се заштитат. Она што започнува како „законска" реакција за да се сфати несигурноста, може да стане реакциски социјална динамика, потикнувајќи понатамошна несигурност, култура на сеприсутно оружје, и паѓање на јавната безбедност надолу на социјалното скалило. (P. Lock, 1999:4). Покрај уличниот криминал, кој граѓаните го перцепираат како најголема закана за личната безбедност (36.7%), втор фактор кој влијае врз чувството на лична безбедност е присуството на оружје (16.2%). Евидентирани се перцепциите во однос на исказите дека оружјето во приватна сопственост ќе ја зголеми веројатноста од насилство во заедницата (88.1%); дека ќе ја отежне работата на полицијата (84.9%) и дека ќе го зголеми криминалот (92.2%). (Л. Георгиева, 2007: 66-67). Ова ќе го зголеми постоечкиот расцеп, и ако „мултиплицираната сила" на недозволени оружја стане достапна, силите кои што се натпреваруваат со државата би можеле да се стекнат со поголема моќ. (P. Lock, 1999: 8).

Разликата помеѓу криминал, со кој традиционално се справува кривичното право, и безбедноста, вообичаената надлежност на државните безбедносни органи, избледнува. Како додаток на оваа проблематика се прашањата за улогите и одговорностите на различни агенции, недостатокот на знаење за овие новонастанати закани и игнорирањето на методи кои што би требало или би можеле да се употребат за да се превземат противмерки. Невоените закани, како што се корупција, организиран криминал и тероризам се „потешки за дефинирање отколку воените закани, и според тоа е потешко да се преземат против мерки". (C. Donnelly, 2000).

Средствата кои се употребуваат за да се соочат со традиционалните закани на националната безбедност се често ирелевантни за проблемите кои се предизвикани од новите невоени безбедносни закани, а тука според

поранешниот директор на ЦИА "не постои место за преговори". (J. Woolsey, 1996).

Кога линијата помеѓу надворешната и внатрешната политика ќе избледне, традиционалните институции и политики се покажуваат несоодветни за да се спротивставаат на нови закани. Заканата што ја предизвикува организираниот криминал за безбедноста е сериозна делумно поради, „отсутноста на национални и меѓународни институции кои би се справувале со тоа... Поради тоа што невоените закани за безбедноста се нови, меѓународните институции се недоволно развиени за да се справат со нив". (C. Donnelly, 2000).

Како и да е, многу популарните програми за демобилизација, разоружување и реинтеграција на поранешните борци немаат шанса за видлив успех без справување со процесот кој наликува на ракот–процес на криминализација на регионот. (Б. Ванковска, 2006: 48-61).

Намалувањето на ризикот од ефектите на нелегалното оружје сè уште треба да претставува еден од приоритетите во генералната политика на Владата, но и на институциите, пред сè на полицијата. Позитивна и ефикасна активност за редуцирање на присуството на нелегално оружје директно ќе влијае врз чувството на лична безбедност. И во овој дел потребна е позитивна акција за едуцирање особено на младата популација за негативните ефекти на оружјето. (Л. Георгиева, 2007: 70).

Третирањето на организираниот криминал со обични стратегии за превенција е во „најголем број на случаи...неостварлив", (S. Leppa, 1999) и дипломатските средства се подеднакво „неефективни и ирелевантни во директно справување со овие криминални групи". (J. Woolsey, 1996).

Иако има мал напредок кај националните и меѓународните институции во овие области треба уште многу да се заврши. Структурите на одбрана и Министерството за внатрешни работи на Р. Македонија се подложни на бавни промени, рефлектираат повеќе традиционални пристапи и концепти воспоставени повеќе за да се справат со одбраната и јавната безбедност отколку спојување на двете во нов концепт на национална безбедност.

## Криумчарење и нелегална трговија на оружје во Македонија

Здружувањата на организираниот криминал често стојат позади различни шверцерски операции во Македонија како и во други земји од Балканскиот регион. Недозволените операции водени од овие организации

може да имаат далекусежни ефекти врз државите во регионот како и во други делови од Европа. На регионалната конференција во Мај 2003, секретарот на НАТО, Лорд Џорџ Робертсон истакнал дека алармантен е фактот дека организираниот криминал е во можност да ги премине границите на Балканот толку лесно...што создава совршени услови за дрога, трговија со луѓе и оружје, терор и политичко насилство. Сè ова претставува вистинска закана за стабилноста во регионот, ги усложнува реформите и ѝ задава главоболка на Европа. (G. Robertson, 2003).

Во Македонија, наводно, организираниот криминал придонесе директно и индиректно со финансирањето на набавката на оружје во конфликтот од 2001. (Извештај на меѓународната кризна група, 2002). Овие криминални организации продолжуваат да оперираат внатре во државата, и по завршувањто на конфликтот. Во извештајот од 2001 во Saferworld (Безбеден свет) се наведува дека ова е вообичаено за операции на организиран криминал: Постои цврста поврзаност помеѓу организираниот криминал и недозволената трговија со оружје... Криминалните организации основани во период на конфликт често остануваат активни и по завршувањето на борбите се клучен катализатор во трансферот на мало и лесно оружје од постконфликтните региони до нови дестинации. (I. Davis, K, Hirst i B. Mariani, 2001: 25).

Според највисоките државни функционери во Министерството за внатрешни работи, оружјето што е прокриумчарено во Македонија воглавно потекнува од Албанија и Косово. За да се доведе ова нелегално оружје во Македонија, криумчарите одбираат една од четирите помалку познати канали од овие соседни земји. Постојат три канали на шверцување од Косово и еден од Албанија. Од Косово, пратката на илегалното тргувано оружје започнува во Прешево, Витина или Глобочица и завршува во различни помали села околу Македонија, вклучувајќи го Лојане, Злокуќани, Танушевци, Радуша, Брест и Јажинце. Скоро сите од овие канали поминуваат низ официјални гранични контролни точки или планински илегални погранични премини. Потеклото на поголемиот дел од оружјето што циркулира внатре и надвор од Косово според извештаите е со кинеско, бугарско и југословенско потекло. Македонските власти немаат континуитет во документирањето на информациите за запленувањето на нелегално тргуваното оружје но, сметаат дека најчесто запленетото оружје е од кинеско производство.

Спротивно на заклучоците од студијата на Косово, оваа информација претендира дека оружјето во најголем дел потекнува од Албанија. Во

Албанија, недозволената трговија со мало и лесно оружје започнува во помалите села, најчесто, но не исклучиво од Скендербег, планината Јабланица или Лакавица и се прокриумчарува во повеќе села блиску до градот Струга во Македонија. Скоро целото оружје нелегално извезено од Албанија се сомнева дека е со кинеско потекло. (Извештај на Saferworld, 2002: 55). Многу од ова оружје е ограбено од националните воени складишта во Албанија во 1997 од самото албанско население. Ова оружје никогаш не е целосно собрано или земено во предвид од владата така да продолжило да циркулира внатре во Балканскиот регион.

Друга област каде постои ослабната погранична контрола е „зелената граница“ со Косово. Од Косовскиот конфликт во 1999, чуварите на границата кои што работат под надлежност на Министерството за одбрана на Македонија, забележале голем број на нелегални преминувања и откриле контрабанди. Неколку инциденти на нелегална трговија со наркотици и оружје биле регистрирани. Европската агенција за реконструкција исто така работи во рамките на пограничните единици за да ги засили нивните оперативни процедури и да набави дополнителна опрема за подобро обезбедување на областа.

Во рамките на активностите за откривање и спречување на незаконската трговија и недозволеното поседување огнено оружје и опасни материи, во текот на изминатите девет месеци од 2007 година, откриени се и спречени 175 кривични дела „недозволено изработување, држење и тргување со оружје“. Врз основа на споредбите со активностите спроведени во истиот период од 2006 година забележано е намалување на ефикасноста во однос на откриените дела за 2.23% и намалување за 11.3% во однос на запленетите количини оружје. (МВР на Р. Македонија, 2007).

Се чини јасно дека сè додека не се воспостави поцврст граничен систем на менаџирање, учесниците во организираните криминални операции ќе продолжат да ја злоупотребуваат слабоста на македонските граници, како и на други граници во регионот, за нелегална трговија со оружје.

Ако Македонија сака ефективно да се соочи со трговијата со мало и лесно оружје, пограничните служби треба да ја подобрат практиката на споделување на информации преку вистински канали. Пограничните служби и припадници на полициските сили патролираат долж границата, но според официјалните лица на пограничната администрација, мала е комуникацијата помеѓу службите.

## Регионални димензии на незаконската трговија со оружје и муниција

Несигурниот статус на македонските граници влијае на сите непосредни соседи, како и на другите држави во регионот, но Косово (а, со тоа и Србија) и Албанија беа засегнати најмногу поради континуираната достава и побарувачка на нелегално оружје внатре во границите. Оружјето е повторно прокриумчарено во и надвор од овие граници, а некое од нив успеало да стигне до сите три конфликти во регионот во 1990–ите, 2000 и 2001. Познавајќи дека преку граничното недозволено тргување не покажало знаци на намалување, јасно е дека какви било подобрувања во менаџирањето со границата и безбедноста бараат повеќестран напор помеѓу Македонија и нејзините соседи, особено Албанија и Косово.

За време на конфликтот во 2001 во Македонија, многу оружје било прокриумчарено преку границата со Косово за потребите на ОНА во борбата против Македонските безбедносни сили и покрај присуството на трупите на КФОР на границата. (П. Симиќ, 2000).

Порозноста на македонската граница со Албанија исто така допринела за циркулацијата на оружје во и надвор од Република Албанија, како што напоменавме претходно, од приближно 550,000 парчиња мало и лесно оружје кои што биле ограбени од националните воени складишта во Албанија од страна на разлутеното население во 1997, само 200,000 парчиња биле повратени. Владините претставници веруваат дека 150,000 од преостанатите 350,000 парчиња нелегално биле тргувани надвор од земјата во Косово и Македонија, а за преостанатите 200,000 не се води запис. (Associated Press, 1998). Голем број на запленето оружје и муниција од страна на меѓународните сили од 2001 до 2002 наложува дека Албанија била клучен извор на вооружување на косовските албански борци, од кои многу ја преминале јужната граница на Косово за да учествуваат во конфликтот во Македонија. Најголем дел, но не и целото оружје кое што било запленето било со кинеско потекло, што наложува дека било во најголем дел од националните воени складишта во Албанија, ако се земе во предвид фактот дека Албанија произведува пушки под лиценца на Кина. Поради фактот дека производството на оружје по лиценца на Кина е доста распространето, можно е оружјето да потекнува од некое друго место.

Нелегалните трансакции на оружје се заеднички именител на „воените економии". Глобалните мрежи на криминални трговци го олеснуваат при-

стапот до нелегалните пазари. На глобално ниво незаконските економски активности се здобиваат со висок економски раст отколку редовната економија. Овие „пазари", како и да е, се карактеризирани со висок ризик и насилство. Тие служат како магацини за снабдување на завојуваните страни и создаваат класа на воени профитери, во внатрешноста и надвор од зоната на конфликтот. (P. Lock, 1999: 12).

Трговијата со оружје на Балканот беше многу динамична во текот на граѓанската војна и многу бизниси се договорени помеѓу меѓусебно спротиставените страни. Во потрагата за профит не постоеја морални препреки. Слабеењето на системот на државна контрола и јакнењето на организираниот криминал ја сруши рамнотежата помеѓу државата и трговците со оружје. (А. Радиќ).

На страна од државно спонзорираните криминални активности, постоеше и силен недржавен криминал кој беше фокусиран на нелегалната трговија со оружје, дрога и луѓе. Недржавниот криминал имаше регионални димензии. Интересно, овој "регионален бизнис" повеќе се фокусираше на воена опрема и трговија со оружје. Доминантната етно–националистичка агенда беше употребена со цел да создаде подобар имиџ на бизнисот со оружје. Порастот на национализмот и избувнувањето на насилните конфликти на територијата на поранешна Југославија овозможи „златна можност" за мрежата на Балканската мафија. Бројните „фронтови" можат лесно да го апсорбираат оружјето и да бараат уште оружје. Парадоксално, на цена на националистичката треска и убиствената политика на лидерите, мафиите можеа одлично да соработуваат без никакви предрасуди и да остваруваат високи профити. (Б. Ванковска, 2006: 48-61).

## Трансферот на оружје како потенцијален безбедносен проблем

За земјите примачи, оружјето може да има двоен ефект врз зацврстувањето на државата–што е често случај на слаби влади од државите во развој или во спротивно понатамошно влошување на внатрешната нестабилност со пренасочување на оружјето во рацете на бунтовниците, паравоените групи, криминалните организации или други непријателски државни учесници кои што се стремат кон конфликт. Овие амбивалентни ефекти се често поврзани со разграничувањето направено според широката литература за оружје помеѓу конвенционално оружје (кое што бара значајни

технички вештини за користење и посебна дозвола за поседување затоа што се поголеми и потешки се за пренос), (W. J. Durch, 2000) и, од друга страна, малото и лесно оружје, кое што е произведено од голем број на производители може да се прошверцува низ голем број легални и нелегални канали, поевтино, помалку сомнително и потешко за откривање, и полесно е за транспорт и поедноставно за ракување дури и за необучени војници, вклучувајќи и деца. (K. Krause, 2000).

Трговијата со конвенционалното и лесното оружје може да инволвира и неприфатливи компромиси помеѓу целите за подобрување на државната безбедност (постигната и со големината на резервата на оружје) и нејзината внатрешна стабилност (постигната во трката на долги патеки со инвестирање во економскиот развој) (M. Diffield, 1998) – и двете имаат потенцијални безбедносни импликации.

Во повеќе од 50 конфликти кои избиле од 1990, лесното оружје било единственото вооружување користено во 46 од случаите; само неколку конфликти (Заливската војна во 1991, воздушните напади на Србија, антитерористичката војна во Авганистан, и неодамнешната воена интервенција во Ирак) било доминантно тешкото оружје. (Годишно издание на СИПРИ, 2006). Аналитичарите забележаа заедничка поврзаност помеѓу достапноста на лесното оружје кое што ги потпалува вооружените конфликти, и предизвиканите политичко-економски ситуации создадени од насилството, кое што се експлотира за да се профитира од зделките со оружјето во воените зони (E. J. Laurance, 1998)–феномен познат како “воена економија“. Во прилог на поттикнувањето на насилниот криминал и овозможување на криминалците да ги бранат нивните операции од силата на законот, малото оружје, автоматските пушки, пушките, гранатите и минофрлачите, се виновни за 80–90 проценти од жртвите во модерните војни. Мнозинството од овие конфликти биле внатрешни, водени од лесно вооружени паравоени сили, против соседски етнички или религиозни групи, и се убиени главно цивили, најмногу жени и деца. (P. Eavis, 1999).

Иако е спорно тоа дали достапноста на оружјето како таква ја зголемува склоноста кон насилство, складирањето на оружје во рацете на непријателски социјални и етнички групи создава значајно придвижување на класичната безбедносна дилема, зголемување на несигурноста и недовербата. (P. Herby, 1998). Исто така ги пролонгира конфликтите и го зголемува бројот на цивилните жртви таму каде што конфликтот веќе избувнал. Иако е од особена важност за да се забележи широката глобална распро-

странетост на каналите, за многу држави нивната регионална непосредна околина ги одредува нивните безбедносни интереси, вклучувајќи ги и оние кои произлегуваат од трансферот на оружје. Од овој аспект, големо внимание се посветува на проблемот на илегално движење на оружјето кое што завршува во рацете на не-државни учесници, било преку диверзија или од соодветно санкционираните доставувачи до политичките нестабилни региони (опишани како на пример „дестабилизациони складишта“).

Легалниот трансфер преставува 80 до 90% од глобалниот трансфер на оружје, другиот процент е поделен помеѓу трансферите на илегалниот сив пазар (кога владите и нејзините претставници ги користат дупките во законот или не ги почитуваат националните и/или меѓународните закони и политики) и илегалните трансфери на црниот пазар (кои што се одвиваат во услови на прекршување на националните и/или меѓународните закони и без владина дозвола или контрола, иако вклучуваат корумпирани владини државници кои што учествуваат самостојно за сопствена корист). Мнозинството на илегални трансфери вклучуваат мало и лесно оружје, дури до 25% од нивната трговија е спроведена илегално. (Small Arms Survey, 2001: 141-166).

Легалните трансфери може да бидат пренасочени кон илегални патишта на голем број начини. Додека некои од нив (од директно спонзорство од владата па се до невладини учесници, кршење на ембарго со оружје или преземања од крајни корисници) истовремено се однесуваат на конвенционално оружје и лесно оружје, други (кражба од владините резерви, војската и силите за спроведување на законот, продавници за оружје, и цивили; или трговија со носачи–криумчрењето на легално купеното оружје во друга држава во мали количини) се однесуваат на мало и лесно оружје. (Small Arms Survey, 2002). Ширењето на оружјето ги вклучува сите трансакции кои се неовластени од страна на владите или се спроведени прикриено, од „проток“ на легално чуваниот домашен арсенал како во земјата примач така и во земјата испорачувач на оружјето (кражба, загуба, илегален трансфер) до недржавните учесници (групи, организиран криминал, приватни безбедносни сили, приватни дилери, поединци) во самата држава или надвор од неа, па се до повторен транспорт помеѓу недржавните учесници. (K. Krause, 2000).

Црниот пазар на оружје поврзан со трговијата со луѓе и илегалната трговија со наркотици, поттикнува различни видови на конфликти со низок интензитет. Овие проблеми тешко се локализираат, затоа што во многу

случаи илегалните структури се вмешале во легалните, и водат кон феномен познат како „мафиократија" или систем на мафија. Врската е пропорционална со владините државници кои се во искушение да ги искористат дупките во законот или контролата над воспоставената практика од една страна и легалниот параван зад кој криминалните организации ги кријат илегалните активности, од друга страна. (J. Roth, 1999).

Мерките за контрола врз трансферот на оружје може да се поделат во две широки групи, едната се однесува на легалното ширење („примарниот циклус") а, другата на нелегалното ширење и нелегалниот трансфер („вториот циклус"). "Втората група на мерки (за контрола на незаконскиот трансфер) вклучува:

- контролни системи и правила на извозот;
- зголемување на транспарентноста,
- воспоставување непосредна контрола врз поединечните дилери на оружје, брокерите, транспортерите;
- забрана на меѓународни трансфери до недржавни учесници, и
- создавање на капацитети на послабите држави да ги надгледуваат активностите внатре во сопствената територија". (K. Krause, 2000).

Истовремено со претставувањето на компатибилно законодавство базирано врз подобро разбирање на ефектите на неконтролираното ширење на оружје (како што се ширење на конфликти, ограничување на развојните иницијативи, врски со други видови на организиран криминал и др.) важна мерка, која за да биде ефикасна треба да се поврзе со развојот на капацитетите за спроведување (кој за многу држави претставува поголем проблем отколку спознавањето на самото законодавство).

Од сето ова произлегува дека организираниот криминал се „храни" преку вооружени конфликти. Вооружени фракции или бунтови се прилагодуваат на методите на организираниот криминал и понекогаш се поврзуваат со криминални иницијативи продавајќи им дрога или пак заменуваат дрога за оружје. Криминалните мрежи ги искористуваат овие состојби и после прекинот на непријателства ја продолжуваат својата функција со што ги компликуваат напорите за создавање на траен мир и ја попречуваат ангажираноста за ефективно градење на држава.

**Заклучок**

Незаконската трговија со оружје претставува еден од најсложените и најопасни проблеми на современиот свет. Криумчарењето и нелегалната трговија со оружје и муниција претставува една од значајните дејности на транснационалниот организиран криминал, која исто така, остварува огромни профити. Покрај финансискиот мотив, овие валкани активности често пати ги следат и мотиви од политичка и воена природа во функција на остварување на определени цели на воените стратегии и геополитички и геостратегиски комбинаторики.

Оружјето кое што циркулира внатре и околу Република Македонија не е исклучок од веќе постоечкиот тренд. Од неодамна, меѓународното внимание е насочено кон Македонија, а тоа делумно се должи на конфликтот во 2001, а дел на јавно искажаниот став на државата за приклучување кон НАТО и ЕУ. И покрај интересот на Македонија за европска интеграција останува уште многу да се направи во однос на контролата на количеството на оружје кое што постои во државата и циркулира низ регионот.

(Рецензент: *проф. д-р Митко Котовчевски*)

## ЛИТЕРАТУРА

Associated Press, (1998), *„New Gun-running Route Opens to Kosovo“*, достапно на: www.nisat.org.

Davis, I, Hirst, C and Mariani. B., (2001), *„Organized crime, corruption and illicit arms trafficking in an enlarged EU“*, Saferworld Report.

Donnelly, C., (2001-2002), *“Rethinking Security“*, NATO Review.

Duffield, M., (1998), „Controlling the Availability and Unlawful Use of Arms at the International Level: the United Nations and Civil Society“, достапно на: http://www.nisat.org/default.asp?page=publications/pub_videos.htm 1998.

Durch, J. W., (2000), „Constructing Regional Security: The Role of Arms Transfer“, Arms Control and Reassurance, HoundMillls, Palgrave.

Eavis, P., (1999), *„Awash with Weapons*“, the World Today.

Генерално собрание на ООН, педесет и петто заседание, Резолуција усвоена од Генералното собрание (8 јуни 2001 год), 55/225 Протокол против недозволеното производство и трговија со огнено оружје, негови делови и компоненти и муниција.

Георгиева, Л., (2007), Извештај за навремено предупредување, Лична и јавна безбедност, Програма за развој на ООН, Македонија, достапно на: http://www.undp.org.mk

Herby, P., (1998), „Developing a Humanitarian Law Approach to the Problem of Arms Availability“, in Controlling the Availability and Unlawful Use of Arms at the International Level: the United Nations and Civil Society, достапно на: http://www.nisat.org/default.asp?page=publications/pub_videos.htm, 1998.

ICG report, (2003), *Albania: State of the Nation*, Balkans Report, No. 140.

International Crisis Group (ICG), (2002), „Macedonia's Public Secret: How Corruption Drags the Country Down“, Balkans Report no.133, достапно на: http://www.southeasteurope.org.

„International Crime Threat Assessment“, (2000), достапно на: www.whitehouse.gov

Котовчевски, М., (2008), „Облици на криминално дејствување на транснационалниот организиран криминал“, во Зборник на трудови, Глобализација, мирот и безбедноста, Милески, Т., (уредувач), Министерство за обрана и Филозофски факултет, Скопје, 2008.

Krause, K., (2000), „Small Arms and Light Weapons: Proliferation Processes and Policy Options“, International Security Research and Outreach Programme, International Security Bureau, достапно на: http://www.smallarmssurvey.org/AddRes/krause_proliferation.PDF.

Langhorne, R., (2006), „Global Politics“, Oxford University Press Inc.

Laurance, E. J., (1998), „Controlling the availability and unlawful use of arms at the international level: The United Nations and civil society“, in Controlling the Availability and

Unlawful Use of Arms at the International Level: the United Nations and Civil Society, достапно на: http://www.nisat.org/default.asp?page=publications/pub_videos.htm, 1998.

Leppä, S., (1999), „Anticipating instead of Preventing: Using the Potential of Crime Risk Assessment in Order to Minimize the Risks of Organised and Other Types of Crime", HEUNI Paper No.11, The European Institute for Crime Prevention and Control, affiliated with the United Nations, Helsinki.

Lock, P., (1999), *„Pervasive Illicit Small Arms Availability: A Global Threat"*, HEUNI Paper No. 14, The European Institute for Crime Prevention and Control, affiliated with the United Nations, Helsinki.

Lord Robertson, G., (2003), Ohrid Regional Conference on Border Security and Management. Quoted in Nesovski, V., (2003), „Co-operation to Open Balkan Borders," Southeast European Times, достапно на: www.balkantimes.com

Министерство за внатрешни работи на Р. Македонија, (2007), Анализа: Состојбите на нелегалната трговија со оружје и опасни материи во текот на деветте месеци од 2007 година, достапно на: http://www.mvr.gov.mk

Musah, A. F and Castle, R., (1998), *„Eastern Europe's Arsenal on the Loose: Managing Light Weapons Flows to Conflict Zones"*, BASIC Occasional Paper No. 26. „NCIS UK Threat Assessment on Serious and Organised Crime 2000", National Criminal Intelligence Service (NCIS), достапно на: www.ncis.co.uk.

Programme of Action to Prevent, Combat and Eradicate the Illicit Trade in Small Arms and Light Weapons in All Its Aspects (UN Document A/CONF.192/15), UN Programme of Action on SALW, достапно на: http://disarmament.un.org/cab/poa.html

Radič, A., *„Trgovina Oruzjem"*, bilten „Defence & Security", достапно на: http://www.ccmr-bg.org/analize/rec/rec19print.htm

Roth, J., (1999), „Organiseeritud Kuritegevus Narko-, Relva-, ja Inimkaubanduse Vallas", Organized Crime in the Sphere of Illegal Drugs, Weapons, and Human Trafficking, труд презентиран на 9th Forum Balticum Conference, Tartu, достапно на: http://www.forumbalticum.ee/konv9/roth_e.htm.

Saferworld, (2002), „Small Arms and Light Weapons in the Federal Republic of Yugoslavia: The Nature of the Problem".

Sagramoso, D., (2001), „The proliferation of illegal small arms and light weapons in and around the European Union: instability, organised crime and terrorist groups", Saferworld & Centre for Defence Studies.

Sanderson, T., (2004), *"Transnational Terror and Organized Crime: Blurring the Lines"*, SAIS Review vol.XXIV no.1.

Shelley, L, Corpora, C and Picarelli, J., (2002), „Global Crime, Beyond Sovereignty; Issues for a Global Agenda", 2nd Edition, (Ed), Maryann E.Cusimano-Love.

Simic, P., (2000), *„Do the Balkans Exist?"*, Chaillot Papers, No. 46.

SIPRI Yearbook, (1996), Stockholm: SIPRI.

Slovak Foreign Policy Association., (2000), „Enhancing NGO engagement to prevent the proliferation and misuse of small arms in Central and Eastern Europe“, Saferworld, Bratislava.

Small Arms Survey, (2001), „Profiling the Problem“, Oxford: Oxford University Press.

Small Arms Survey, (2002), достапно на; http://www.smallarmssurvey.org/Yearbook/EngPRkitCH3_11.06.02.pdf.

Vankovska, B., (2006), „*The Impact of conflict and Corruption on Macedonia's Civil-Military Relations*“, in Born Hans (Ed), „Civil-military relations in Europe: Learning from crisis and institutional change“, Routledge, Taylor & Francis Group, UK.

Wood, B and Clegg, E., (1999), „*Controlling the gun-runners: Proposals for EU action to regulate arms brokering and shipping agents*“, BASIC, Saferworld and the Norwegian Initiative on Small Arms Transfers report.

Woolsey, J., (1996), „Global Organized Crime“, Mora Stephens, Woodrow Wilson School policy Conference 401, A Intelligence Reform in the Post-Cold War Era, достапно на: www.fas.org.

Tanja MILOSEVSKA

# ILLICIT TRAFFICKING OF WEAPONS AND ARMS AS POSSIBLE SECURITY PROBLEM

**Summary**

The illicit production, transfer and spreading od small and light weapons and theirs excessive accumulation and uncontrolled broadening in many regions in the world, have broad range of humanitarian and social-economic consequences. Illegal trafficking of small arms and light weapons represents serious threats for peace, reconciliation, security, stability and sustainable development on individual, national, regional and international level.

This paper examines the dynamics and trends of illegal trafficking of small arms and light weapons, identifies the role of transnational organized crime, and considers the measures of control over illicit arms trafficking which governments, security agencies, and law enforcement agencies must take to combat this global security problem.

**Key words:** ILLICIT TRADE OF SMALL AND LIGHT WEAPONS, SECURITY AND TRANSNATIONAL ORGANIZED CRIME.